01-205/1
21.02.18

# ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-ДЕЛЧЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

### 1. ПОЈДОВНА ОСНОВА

Појдовна основа за изготвување на Програмата за работа на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево, за 2018 година се заснова на Законот за социјалната заштита, Законот за семејството, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за цивилни инвалиди од војната, кривично правните прописи и други закони и подзаконски акти, со кои се уредени правата и услугите од социјалната заштита. Со оваа програма поблиску се уредуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението од социјална помош и заштита, социјалната превенција и средствата за остварувањето на социјалната заштита. Со оваа програма се предвидува подобрување и развој на услугите и мерките од социјална заштита, согласно потребите на граѓаните. Оваа програма се заснова на политиките и определбите на Владата на Република Македонија за 2018 година, со која се имплементираат стратешките приоритети на Републиката за тековната година, Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување , Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија 2008-2018 година, Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2018 година, Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во Република Македонија, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010- 2020 година, Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година, Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, Националниот акциски план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца и Акцискиот план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца. И Законот за Социјалната заштита, Законот за Семејството, Законот за заштита на децата, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за правда на децата, Законот за азил, Законот за Општата управна постапка и другите законски и подзаконски правни акти кои непосредно се применуваат во областа на социјалната заштита, како и документи, програми и други прописи донесени од страна на Министерството за труд и социјална политика и ЈУ Завод за социјални дејности, и Меѓународни конвеции и Протоколи ратификувани од Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија .

Центарот за социјална работа - Делчево е јавна установа за социјална заштита, основана од Владата на Република Македонија, со јавни овластувања за извршување на работи и работни задачи од областа на социјалната и детската заштита, семејно-правните односи, правдата за деца и решавање на социјалните проблеми на подрачјето на општина Делчево и општина Македонска Каменица .

## 2.ОПИС НА СОЦИЈАЛНИОТ ПРОСТОР

Во општината Делчево живееат 17.505 жители од кои 11.536 или 66% во градот Делчево. Според националната структура доминантно е македонското население со повеќе од 95,5%, поголем дел од остатокот е ромско население 3,3%, и еден помал дел се застапени турците 0,8% и срби 0,2%, албанци 0,05% и останати народи 0,15%. (податоците се базираат

Градот Делчево е седиште на општината Делчево која има уште 21 населено место, од кои 7 населени места се од збиен, а останатите 14 населени места се од разбиен тип.

Општината Делчево е ридско-планинско подрачје со неинтензивно земјоделие и сточарство. Од индустриското производство доминира текстилната индустрија. Најизразена група на граѓани кои се наоѓаат во социјален ризик се од ромската популација, како и лицата кои со приватизација, стечај или како технолошки вишок останале без примања и другите невработени лица.

Општината М.Каменица има 8100 жители, Административен центар е М.Каменица, а општината има уште 8 населени места сите од разбиен тип.

Според националната структура 99,8% се македонци.

Општината М.Каменица е ридско-планинско подрачје со неинтензивно земјоделство и сточарство. Од индустриското производство доминира рударството и помалку е развиена текстилната индустрија.

Најизразена група на граѓани кои се наоѓаат во социјален ризик се лицата кои поради приватизација, стечај или технолошки вишок останале без примања и другите невработени лица.

## 3. ЗАКОНСКИ ВЛИЈАНИЈА

Во текот на изминатата 201 година, Собранието на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика донесе низа Закони и измени и дополнувања на постоечките законски и подзакноски правни акти, со цел развивање и унапредување на социјалната заштита во Република Македонија .

Врз основа на изнесеното, слободно може да се констатира дека со извршените измени и дополнувања на законските и подзаконските прописи и донесувањето на нови законски акти се зголемува и проширува надлежноста на центрите за социјална работа, но истовремено се воведуваат и нови можности и бенефиции за граѓаните во областа на правата и услугите од социјална и детска заштита, и семејно-правните односи .

## 4. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА 2017 ГОДИНА

Основните подрачја на делување на Центарот во 2018 година ќе бидат насочени кон :

- откривање, следење и проучување на состојбите и проблемите во областа на социјална заштита, детската заштита и семејно-правните односи ;
- потикнување и преземање на превентивни дејствија и спречување на причините за настанување на положбата од социјален ризик ;
- решавање во прв степен по материјалните права од областа на социјална и детска заштита и правото на цивилна инвалиднина од војната ;

- вршење на работи на орган за старателство, посвојување, средување на нарушени брачни и семејни односи, одржување на лични односи на родител со дете и семејно насилство, регулирани со Законот за Семејството и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство ;
- превземање на превентивни активности и давање на соодветна помош и подршка на лицата жртви на трговија со луѓе и жртви на семејно насилство ;
- постапување по работи утврдени со Законот за правда на децата и кривично-правни прописи ; и
- изготвување на планови, програми и елаборати за развој на дејноста .

При спроведување на социјалната заштита во 2018 година Центарот ќе :

- применува и спроведува облици на социјална заштита и непосредно ќе помага на граѓани, семејства-домаќинства или групи на население ;
- развива и применува вонинституционален облик на социјална заштита ;
- поттикнува и организира волонтерски активности на граѓани и хуманитарни организации, невладиниот сектор и локалната самоуправа во спроведување на програми од социјална заштита ;
- продолжи со водење на евиденција и прибирање на документација за корисници на правата од социјална и детска заштита, за применетите облици на социјална заштита, поднесување на извештаи до Министерството за труд и социјална политика .

Поставените цели, во текот на 2018 година ќе се настојува да се реализираат преку конкретни активности и тоа со примена на современи пристапи, методи и техники на советувалишна, стручна и советодавна работа .

Непосредната социјална заштита ќе биде насочена кон заштита на ранливите категории на население, односно материјално необезбеденото население и работно неспособното население, преку повеќе видови на помош од социјална и детска заштита :

- социјална парична помош на работно способно население по основ на невработеност, ниски лични примања под загарантираното ниво и ниски пензии, мал земјишен имот или приход од земјоделие кој е недоволен за егзистенција на домаќинството ;
- постојана парична помош, за лица материјално необезбедени, работно неспособни по основ на болест, старост или самохран родител ;
- право на субвенции за потрошена енергија за корисниците на правото на социјална парична помош и право на постојана парична помош ;
- право на условен паричен надоместок за средно образование за сите редовни ученици во средно образование чии родители се евидентирани како активни корисници на правото на социјална парична помош ;
- право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, за лицата со тешки здравствени проблеми и неспособни да ги извршуваат основните животни и физиолошки потреби ;
- право на додаток за мобилност и слепило, за лицата кои со помош на инвалидска количка можат да се движат и за потполно слепите лица ;
- право на додаток за глувост, за лицата кои имаат оштетување на слухот ;
- еднократна парична помош и помош во натура, за лица кои се нашле во исклучително тешка материјална положба поради вонредни околности ;
- помош на лица сместени во згрижувачко семејство ;

- право на паричен надоместок за лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители или родителска грижа, по напуштање на установата за социјална заштита, згрижувачкото семејство или мал групен дом, доколку нема приходи од имот од кој може да се издржува ;
- право на социјално домување, за лица или семејства кои се социјално необезбедени, социјално загрозени, лица-станбено необезбедени корисници на правото на постојана парична помош и правото на паричен надоместок за лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители или родителска грижа, односно и по престанувањето на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст ;
- право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања ;
- право на цивилна инвалиднина од војната ;
- право на детски додаток ;
- право на посебен додаток ;
- право на родителски додаток за дете ; и
- еднократна парична помош за новороденче .

Превентивна социјална заштита во Центарот во текот на 2018 година ќе се врши преку примена на неколку форми на помош и заштита :

- заштита на деца и младинци со проблеми во однесувањето (кривично неодговорни и кривично одговорни) ;
- старателство на малолетни лица без родителска грижа;
- старателство на возрасни лица со одземена деловна способност ;
- посвојување ;
- институционално згрижување и сместување ;
- вонинституционално згрижување и сместување ;
- заштита на лица со интелектуална и физичка попреченост .
- социјално исклучени лица .

### 4.1. Права на парична помош од социјална заштита и права за заштита на децата

Правата на парична помош од социјална заштита и правата за заштита на децата, во текот на 2018 година Центарот планира да ги обезбеди на корисниците преку Службата за права на парична помош, а со подршка од Одделот за права на парична помош за подрачјето на општина Македонска Каменица. Во прилог ви даваме преглед на моменталната состојба со правата на парична помош, со план за 2018 година.

| Број на предмети во работа | Предмети во работа | | | | План за 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
| Социјална парична помош | **381** | **358** | **333** | **283** | 360 |
| Постојана парична помош | 40 | 54 | 63 | **63** | 70 |
| Паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 921 | 675 | 604 | **673** | 700 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош и помош во натура | 175 | 114 | 99 | **114** | 150 |
| Паричен надоместок за електрична енергија | 135 | 233 | 243 | **214** | 300 |
| Додаток за слепило и мобилност | 127 | 168 | 168 | **124** | 180 |
| Додаток за глувост | 28 | 35 | 43 | **51** | 50 |
| Условен паричен надоместок | 93 | 52 | 16 | **30** | 50 |
| ПП за лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа | 4 | 5 | 20 | **3** | 5 |
| Цивилна инвалиднина | 3 | 3 | 3 | **3** | 3 |
| Надоместок за плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот | 2 | 4 | 4 | **4** | 5 |
| ПП за социјално домување | 1 | 2 | 0 | **2** | 5 |
| ПП за студирање | 3 | 4 | 2 | **2** | 5 |
| Право на здравствена заштита | 74 | 67 | 69 | **67** | 80 |
| Парична помош за згрижувачи | 0 | 0 | 0 | | 0 |
| Згрижувачи на возрасни | 0 | 0 | 0 | | 0 |
| Детски додаток | 304 | 259 | 153 | **221** | 330 |
| Посебен додаток | 61 | 60 | 57 | **60** | 80 |
| Родителски додаток | 137 | 162 | 182 | **207** | 200 |
| ЕПП новороденче | 85 | 73 | 75 | **74** | 100 |
| Народна кујна | 66 | 77 | 54 | **68** | **60** |
| **ВКУПНО** | **2.396** | **2.405** | **2,188** | **2263** | **2.733** |

## 4.2.Услуги од социјална заштита

Во 2017 година Центарот особено внимание ќе посвети на услугите од социјална заштита, преку стручните работници во Службата за услуги од социјална заштита, во согласност со Законот за семејство, Законот за правда на децата, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и други закони. Во прилог ви даваме преглед на моменталната состојба со услугите од социјална заштита, со план за 2018 година.

| **Број на предмети во работа** | **Реализирано** | | | | □□□□ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | **2017** | **2017** |
| **Брак и семејство** | **75** | **75** | **106** | **97** | **113** |
| Бракоразвод | 17 | 14 | 22 | **20** | **25** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вонбрачно доверување на дете | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Регулирано видување со спогодба со родител | 13 | 15 | 13 | **13** | **15** |
| Регулирано видување со спогодба со блиски сроници | 0 | 0 | 2 | **2** | **2** |
| Регулирано видување со решение со родител | 0 | 10 | 20 | **30** | **20** |
| Регулирано видување со решение со блиски сроници | 0 | 1 | 2 | **5** | **5** |
| Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство | 3 | 1 | **1** | **2** | **3** |
| Жртва на семејно насилство | 9 | 10 | 6 | **8** | **5** |
| Лица со нарушени партнерски и брачни односи | 33 | 24 | 40 | **17** | **35** |
| **Заштита на деца** | **35** | **49** | 56 | **49** | **86** |
| Дете во ризик Ђ дете со воспитно социјални проблеми | 7 | 1 | 5 | **9** | **15** |
| Дете во судир со закон | 6 | 7 | 7 | 14 | 10 |
| Малолетници под старателство | 5 | 11 | 13 | **12** | **15** |
| Малолетници - жртви на насилство | 4 | 7 | 9 | **5** | **10** |
| Деца на улица | 0 | 0 | | 0 | 0 |
| Дете со посебни потреби | 11 | 16 | 19 | **4** | **20** |
| Одземање на родителско право | 2 | 1 | | **0** | **3** |
| Надзор над родителско право | 0 | 2 | 1 | **2** | **5** |
| Деца - жртви на трговија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Проценка на посвоител | 0 | 1 | | **1** | **2** |
| Проценка на посвоеник | 0 | 3 | 1 | **1** | **3** |
| Заклучено посвојување | 0 | 0 | 1 | **1** | **3** |
| **Заштита на возрасни** | **71** | **58** | 27 | **65** | **103** |
| Старателство на лице со целосно одземена деловна способност | 37 | 39 | 39 | **46** | **50** |
| Старателство на лице со делумно одземена деловна способност | 1 | 1 | | **1** | **3** |
| Старателство на возрасно лице во посебен случај | 21 | 9 | 16 | **11** | **30** |
| Возрасно лице по отпуштање од казенена установа | 8 | 8 | 8 | **4** | 10 |
| Бездомно лице | 0 | 0 | | 0 | 0 |
| Лица кои злоупотребуваат дрога и психотропни супстанци | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 |
| Лице кое злоупотребува алкохол | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Старо лице | 4 | 1 | 0 | **3** | **10** |
| **ВКУПНО** | **181** | **182** | | **211** | **302** |

## 4.3.Вонинституционална заштита

Вонинституционалната заштита во текот на 2018 што ќе се остварува во или преку центарот за социјална работа опфаќа право на: прва социјална услуга на корисници на социјална заштита, помош на поединец, помош на семејство, домашна нега и помош на поединец и на семејството, дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство, сместување во згрижувачко семејство, сместување во мал групен дом и организирано живеење со поддршка. Поголемиот дел од наведените форми на вонинституционална заштита е планирано да се практикуваат во Центарот за социјална работа во Делчево.

### 4.3.1. Згрнжувачко семејство

Право на сместување во згрижувачко семејство има лице кое нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство.

Во 2018 годнна Центарот за социјална работа актнвно ќе работи со 6 згрнжувачки семејства во кон се сместенн 6 малолетни деца од општината Делчево и М.Каменнца, од кои 5 згрижувачи се надвор од општината а еден е од општина Делчево. Согласно опреатнвниот план на активностн за 2017 годнна се планира да се спроведе кампања за аннмнрање на јавноста за формата на сместување во згрижувачкн семејства со следннте актнвностн, што би придонело за зголемување на бројот на потенцијални згрижувачи.

### 4.3..2.Дневен центар за лица ментална и телесна попреченост

Во 2018 годнна услугите на Одделението Дневннот центар за лнца со ментална нлн телесна попреченост прн ЈУ Меѓуопштинскн центар за социјална работа Делчево ќе гн корнстеа вкупно 18 лнца, од кои 8 деца н 10 возрасни лнца. Од наведените лица 3 се со аутизам. Постои отворена можност за прием на нови корисници во секое време.

Напоменуваме дека е планирано во тпочетокот на 2017 година да се отвори Дневен центар во Македонска Каменица,кој речиси целосно е опремен, како заеднички проект на Општината и Министерството.

Активностнте во Дневннот центар ќе се реализираат според предвидените План н програма.

Во текот на 2018 година Одделението Дневниот центар за лица со ментална илн телесна попреченост ќе реализира воспитно образовнн актнвностн, како и работно окупациона терапнја и работно оспособување со возрасната група на корисници.

Планирани се н родителскн состаноци, како и нндннвидуални средбн со родителите, како и посети во блиската околина на различни органнзацин и ннституцнн, се со цел соцнјална инклузнја на корнснннцнте.

### 4.3.3.Клуб за старн лица-народна кујна

Во рамки на Клубот за стари лица и во 2018 година ќе продолжи да се организира делење на топол оброк во вид на право на народна кујна на две локации во Делчево и во Македонска Каменица.

Корисници на правото на народна кујна се стари и изнемоштени лица и лица во социјален ризик, согласно со Законот за социјална заштита и Задолжителните инструкции за имплементација на Проектот Народни кујни на центрите за социјална работа во Република Македонија.

Планирано е зголемување на бројот на корисници доколку постои потреба. Планирано е да се потрошат до 4.000.000 денари за ова намена.

| Народна кујна | | Релизирано | | | | план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
| Предмети | Пренесени | 55 | 57 | 55 | 53 | |
| | Новопримени | 11 | 20 | 26 | 15 | |
| | **Предмети во работа** | 66 | 77 | 54 | 68 | 100 |
| | Укинати | 9 | 15 | 22 | 13 | |
| | Одбиени | 4 | 7 | 6 | 4 | |
| | **Предмети што се пренесуваат во наредна година** | 53 | 55 | 53 | 55 | |

## 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Согласно Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево, во моментот центарот за социјална работа функционира со 3 Служби и тоа: Служба за административни и помошно-технички работи, Служба за права на парична помош и Служба за услуги од социјална заштита

Во ЈУ"Меѓуопштински центар за социјална работа"Делчево се вработени вкупно 28(дваесет и осум) лица на неопределено работно време, вклучувајќи го и директорот, како и едно лице на определено време и тоа Педагог.

За квалитетно извршување на сите функции согласно законските прописи потребно е доекипирање на стручниот кадар со вработување на педагог на определено време. Од тие причини се планира обезбедување на согласност за вработување на Педагог на определено време во 2018 година.

| Вработени | Вработени заклучно со 31.12.2017 | Предвиден број со систематизацијата | Разлика |
|---|---|---|---|
| Високо стручен кадар во услуги | 7 | 12 | 5 |
| Помошно-стручен кадар во услуги | 3 | 3 | 0 |
| Високо стручен кадар во права | 5 | 6 | 1 |
| Помошно-стручен кадар во права | 8 | 8 | 0 |
| Административни работници | 3 | 5 | 2 |
| Помошно-технички кадар | 2 | 3 | 1 |
| **ВКУПНО:** | 28 | 37 | 7 |

## 6. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Центарот за социјална работа својата дејност во 2017 година ќе продолжи да ја извршува во посотечките просторни услови, поточно ќе користи сопствени простории за потребите на стручното и административното работење на ул.Орце Николов бб во Делчево и за потребите на Дневниот центар на ул.Методи Митевски Брицо бб во Делчево. додека за потребите на стручното и административното работење ќе користи и просторија во Македонска Каменица во просториите на Општина Македонска Каменица, додека што се однесува до техничките услови би напомenале дека располагаме со солидна техничка опрема за канцелариски работење.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈУМ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ДЕЛЧЕВО

Во 2018 година како впрочем и до сега материјално-финансиското работење на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево ќе се одвива според инструкциите, насоките и упатствата добиени од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на конкретните можности и според утврдениот финансиски план во Решението за распределба на финансиските средства за тековната фискална 2018 година. Програмските активности на службата за финансии и сметководство ќе се реализира по три основи :

- плати и надоместоци
- материјални трошоци
- трансфери на физички лица (исплата на правата од социјална и детска заштита)

Пресметката и исплатата на плати и надоместоци во Центарот ќе се врши врз основа на Законот за исплата на плати во Република Македонија, Колективниот договор за социјална заштита на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот .

Средствата за материјалните трошоци ќе се обезбедуваат во месечни износи и по квартални периоди што делумно ги задоволуваат потребите за нормално и непречено извршување на тековните работни задачи и активности во надлежност на Центарот .

## 8. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ И СОРАБОТКА НА ЦЕНТАРОТ СО ИНСТИТУЦИИ

ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа" Делчево соработува со организации и институции на ниво на општина и Република со цел организирање на превентивни активности

Во остварувањето на својата дејност и програма, ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа" Делчево како установа од јавен карактер континуирано и во текот на 2018 година ќе соработува со сите институции и органи за решавање на правата од социјална заштита, семејното законодавство и другите позитивни законски прописи.

Посебно ќе соработува со сите основни училишта и Центарот за средно образование на територијата на општината Делчево и М.Каменица, ОВР, Основниот суд, Центарот за вработување, Подрачните единици на Министерствата, Медицинскиот центар, Црвен крст, хуманитарни организации и други релевантни институции се со цел и во интерес на превентивно делување, како и навремено откривање на сите основни социјални ризици на кои е изложен граѓанинот, семејството и група население во текот на животот.

Соработката ќе се реализира преку посета на училиштата и другите институции, домашни посети и извршување на непосреден увид, доставување на мислења до Основниот суд, изготвување на информации и други материјали и нивно презентирање преку локалните ТВ и радио станици во Делчево и М.Каменица, како и на седници на двете општини. Преку оваа соработка и ваквото делување на ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа" Делчево ќе се придонесе за навремено откривање, следење и евидентирање на лицата кои се нашле во положба на социјален ризик, а аналогно на тоа и за навремено обезбедување на социјална заштита.

ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА
СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ДЕЛЧЕВО